**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**
**Бр. 08-1238/4**
23-08-2024 **година**

Врз основа на член 17 став (1) и став (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот: со адреса на ул. бр , препратено на постапување од страна на Министерство за финансии на 15.08.2024 година, директорот на Агенција за администрација, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. **Барањето** поднесено од со адреса на ул. заведено под број 08-1238/2 од 15.08.2024, се **ОТФРЛА.**
2. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Барателот , на ден 09.08.2024 година, поднела до Министерство за финансии Барање за пристап до информации од јавен карактер. По разгледување на барањето, Министерството за финасии утврдило дека не располага со предметната информација и оттука го препрати истото до Агенцијата за администрација, како имател на информацијата, според содржината на предметното барање. Наведеното, врз основа на член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Барањето е доставено до Агенцијата за администрација на ден 15.08.2024 и истото е заведено под наш број 08-1238/2. Со наведеното барање се бараат следните информации од јавен карактер:

*„Имајќи ги во предвид донесените заклучоци на седница на Влада на РСМ од 05.07.2024 година, со кои „се задолжени работодавачите од јавниот сектор и трговските друштва во државна сопственост да ги запрат постапките за вработување и унапредување кои не завршиле до 31.12.2023 година, а се објавени врз основа на позитивни согласности од Министерството за финансии за обезбедени средства во 2023та година како тековна фискална година, а продолжени во 2024та година врз основа на Закон за извршување на Буџет на РСМ за 2024-та година со оглед дека се спротивни и неусогласени со одредбите од Законот за буџетите“, притоа следејќи ги и објавените јавни огласи за вработување во периодот по 05/07/2024 година ме интересира има ли постапки за вработување во јавниот сектор кои се*

*дозволени и по донесениот заклучок, а се засновани на позитивни согласности добиени од Министерство за финансии од 2023 година, но не завршиле до 31.12.2023 година.“.*

По разгледување на предметното барање, службеното лице овластено за посредување со информации од јавен карактер го оцени истото како непотполно, односно утврди дека со предметното барање не се бара информација од јавен карактер во смисла на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Ова оттаму што, бараната информација не претставува конкретна информација или документ, која ја создала или со која располага Агенцијата за администрација.

Поради истото, на барателот по пат на електронска пошта на ден 19.08.2024 година, му беше укажано да го дополни односно прецизира барањето со укажување на последиците доколку не го стори тоа, а согласно член 17 ставови (1), (3) и (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

По изминување на рокот од три дена од денот на известувањето, барателот не поднесе ново, односно дополнето барање, по што беше утврдено дека барањето не ги исполнува условите од членот 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно дека барањето според својата содржина не може да биде прифатено како Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Врз основа на сето наведено, постапувајќи согласно член 17 став (1) и (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер: *„(1) Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето. (5) Ако барањето и по дополнувањето не ги исполнува условите од членот 16 на овој закон и поради тоа имателот на информации не може да го разгледува барањето, имателот на информации ќе донесе решение со кое ќе го отфрли барањето“*, следуваше да се донесе решение како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против донесеното решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ДИРЕКТОР,

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА - AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје - Shkup

Изработил:

<u>Доставено до</u>:
- Директор;
- Барателот на информацијата;
-Сектор за правни работи и
-Архива.